Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/46

# З А П И С Н И К
од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 април 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:10 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Дејан Павлески, заменик на министерот локална самоуправа, како и Лирим Шабани,

државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД**

- Информација за потпишување на Сертификат за примопредавање на итна хуманитарна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина

1. Записник од Триесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 23 април 2020 година

2. Записник од Триесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 24 април 2020 година

3. Информација за приредување на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб за време на вонредна состојба, со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи за време на вонредна состојба

7. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД – 19

8. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

9. Информација со предлог за усогласување на економските мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19

10. Информација за начинот на имплементацијата на правилата за потекло во рамки на договорите за слободна трговија во услови на криза поради КОВИД - 19

11. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба

12. Предлог - програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година

13. Предлог - програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година

14. Кадровски прашања

15. Прашања и предлози

16. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Информација за потпишување на Сертификат за примопредавање на итна хуманитарна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Сертификат за примопредавање на итна хуманитарна помош помеѓу Владата на Република

Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина, со усогласен текст на Сертификатот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои усогласениот текст на Сертификатот за примопредавање на итна хуманитарна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина.

2. Го овласти д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Сертификатот за примопредавање на итна хуманитарна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 23 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Во врска со заклучокот под реден број 1 од Записникот, да се измени заклучокот под број 1.5 од точка 1, усвоен на Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2020 година и истиот да гласи:

„Сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), од понеделник до петок да може да ги изнесуваат надвор од своите домови во временскиот период пред започнување на забраната и посебниот режим на движење, односно до 19:00 часот.

- за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, во сабота, дозволи домашните миленичиња да се изнесуваат во времетраење од 30 минути, во вечерните часови, односно од 20:00 часот до 20:30 часот.

- за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, во недела, дозволи домашните миленичиња да се изнесуваат во времетраење од 30 минути, односно наутро од 8:00 часот до 8:30 часот, попладне од 15:00 часот до 15:30 часот и во вечерните часови од 20:00 часот до 20:30 часот.

Притоа, како и до сега, ова е дозволено граѓаните да го прават најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат и да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 24 април 2020 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за приредување на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб за време на вонредна состојба, со Предлог - уредба, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

Уредбата е донесена со пет гласа против и еден глас воздржан.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, со заклучок во членот 2 став 1 од Уредбата, рокот во точка (1) наместо „25 април 2020 година", да биде „30 април 2020 година".

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи за време на вонредна состојба, на предлог на предлагачот.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Царинската управа во однос на процентот од просечно дневно производство на средства за дезинфекција која количина е наменета исклучиво за потребите на домашниот пазар и истиот да биде наведен во Изјавата од извозникот и производителот.

## Точка 8

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба  и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, го донесе најновиот текст на Уредбата со следниве изменувања и дополнувања:

- Во членот 2, да се дополни и додатокот што се исплаќа за ноќна работа и надоместок на трошок за смрт на работникот или член на неговото семејство.

- Во членот 3, да се дополнат јавните научни установи и високообразовните установи.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за усогласување на економските мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството финансии – Управа за јавни приходи, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски а се укажува на Развојната банка на Северна Македонија, за секоја следна предлог-мерка која содржи државна помош, пред да ја достават до Владата на усвојување да обезбедат позитивно мислење/решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата за усогласеноста со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. C(2020) 1863, усвоена на 19.3.2020 година и Изменетата Привремена рамка C(2020) 2215, усвоена на 3.4.2020 година.

2. Се задолжуваат Министерството финансии – Управа за јавни приходи, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Развојната банка на Северна Македонија,  да достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата известување за планирана државна помош преку

вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31 март 2020 година, најдоцна до 30 април 2020 година.

3. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на добиеното известување за планирана помош преку вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31 март 2020 година, за секоја мерка да им даде приоритет во постапувањето согласно процедурите утврдени во Законот за контрола на државната помош и соодветно мислење и акт со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. C(2020) 1863, усвоена на 19.3.2020 година и Изменетата Привремена рамка C(2020) 2215, усвоена на 3.4.2020 година и да го достави до Владата најдоцна до 5 мај 2020 година.

4. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку Секретаријатот за европски прашања да ги достави до Европската комисија решенијата за усогласеноста на вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31 март 2019 година, со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. C(2020) 1863, усвоена на 19.3.2020 година и Изменетата Привремена рамка C(2020) 2215, усвоена на 3.4.2020 година, најдоцна до 15 мај 2020 година.

## <u>Точка 10</u>

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на имплементацијата на правилата за потекло во рамки на договорите за слободна трговија во услови на криза поради КОВИД – 19 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и во најкус можен рок до Владата да достави Предлог- уредба со законска сила за примена на Царинскиот закон за време на вонредна состојба.

2. Се задолжува Министерството за финансии – Царинска управа, преку Секретаријатот за европски прашања, веднаш по донесувањето на Уредбата со законска сила за примена на Царинскиот закон за време на вонредна состојба од страна на Владата на Република Северна Македонија, да ја извести Европската комисија за начинот на кој државата ќе ги имплементира правилата за потекло на производи во рамки на договорите за слободна трговија за време на кризата поради КОВИД 19.

## <u>Точка 11</u>

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба и условно ја донесе Уредбата, со заклучок да се направат дополнителни консултации со Светска банка.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го прикачи во електронска форма основниот текст на Програмата што се менува.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го прикачи во електронска форма основниот текст на Програмата што се менува.

**Точка 14**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 15**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за постапување со поднесените барања за отворање на нови уплатно-исплатни места и деловни простории во кои се приредуваат игри на среќа во обложувалница и автомат клуб, како и за постапување со поднесените барања за издавање нови лиценци за приредување на игри на среќа за време на вонредната состојба и ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии по поднесените барања за отворање на нови уплатно-исплатни места за приредување на игри на среќа во обложувалница, по барањата за отворање на нови деловни простории во кои ќе се приредуваат игри на среќа во автомат клуб и по однос на поднесените барања за издавање на лиценци за приредување игри на среќа во автомат клуб да ја продолжи постапката согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри и Уредбата со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за финансии за изменување на Заклучок од 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2020 година, под број 19-3421/1 од 24 април 2020 година и притоа заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии да издаде согласности за продолжување на договорите кои биле активни во претходниот период во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (44 лица кои работат во подрачните одделенија на Министерството).

2) Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во делот на новите вработувања и постапките што се во тек да доставаат соодветен предлог до Владата.

## Точка 16

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за економија да го усогласи текстот на Предлог - уредбата со Секретаријатот за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |